РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1795/2
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1795/1 од 19.06.2025 година, со наводи за сомневање во спроведена стечајна постапка над --------- --------- поради незаконско постапување на стечаен управник и судија во ---------------- ----------- ------ ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, од причина што по пријавените наводи има постапено и одлучено, а во доставената пријава не се изнесени нови наводи и факти кои би ја промениле фактичката состојба за предметниот случај.

Предметот со број 12-1795/1 од 19.06.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1795/1 од 19.06.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од страна на познат подносител, во која се содржани наводи за сомневање во спроведена стечајна постапка над --------- --------- поради незаконско постапување на стечаен управник и судија во ---------------- ----------- ------ ----------.
ДКСК, имајќи во предвид дека наводите на пријавата се однесуваат на постапувањето на органите на стечајната постапка и начинот на водење на стечајната постапка, која е регулирана исклучиво со Законот за стечај, констатира дека пријавените дејствија не се во надлежност за постапување согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, согласно со Законот за стечај, стечајната

постапка ја спроведуваат органите на стечајната постапка кои имаат свои овластувања.

Дополнително, ДКСК констатира и дека има постапено за предметниот случај по предмети со број 12-2523/1 од 2019 година и 12-238/1 од 2022 година, кои се оформени по пријави доставени од истите подносители и со исти предметни наводи во врска со стечајната постапка над --------- ---- ---------.
При своето надлежно постапување, ДКСК на 31-та седница одржана на 12.06.2020 година има донесено Одлука со арх.бр. 12-264/3 од 15.06.2020 година со која постапката по предметот се запира поради тоа што за случајот се преземале дејства од друг надлежен орган – ------- --------. По однос на вториот предмет, на 86-та седница одржана на 05.05.2023 година, ДКСК има донесено Одлука со број 12-238/2 од 11.05.2023 година, со која пријавата се отфрла.
Овие одлуки, во деперсонализирана форма се објавени на веб страницата на ДКСК, а подносителите се известени за надлежното постапување на ДКСК.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по предметот од причина што по пријавените наводи има постапено и одлучено, а во доставената пријава не се изнесени нови наводи и факти кои би ја промениле фактичката состојба за предметниот случај. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик Претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: Б.Ц, член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата